Врз основа на член 88 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 јануари 2021 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2021 ГОДИНА

(„Службен весник на РСМ“ бр. 21/21)

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со исплата на плата за јануари 2021 година.

Бр. 40 – 1458/1
26 јануари 2021 година
Скопје

**Тел.** ++389 43 230 623; ++ 389 43 230 625; **e-mail** zfrlsjpv@t.mk
**веб страна** https://zfr.org.mk/ **Даночен број MK4004997107233**
**Број на сметка 300 270 000 017 628 - Комерцијална банка, 200 000 026 137 030 – Стопанска банка**